# ЗАПИСНИК

17-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
11 мај, 2023 г., Охрид

**<u>Присутни</u>**: Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Сашко Митовски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Александар Нанчев ( со овластување од Костадин Костадинов, Градоначалник на Општина Струмица), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп).

**<u>Дискусија</u>**:

Управниот одбор на ЗЕЛС, го усвои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација од состанокот на Комитетот на регионите во рамки на АРЛЕМ - Евро-Медитеранското регионално и локално собрание;
2. Предлог за кооптирање на членови во Комитетот на совети (орган на ЗЕЛС);
3. Презентација на заклучоците на работната група за утврдување на решенија за предизвиците со противпожарните територијални единици;
4. Утврдување на предлог мерки за поттикнување на ажурна наплата на членарината кон ЗЕЛС;
5. Разно.

Дневниот ред е усвоен едногласно.

ПРВА ТОЧКА: Информација од состанокот на Комитетот на регионите во рамки на АРЛЕМ – Евро - Медитеранското регионално и локално собрание

Станува збор за организација која ги обединува регионите и општините на подрачјето на Медитеранот, кој презема регионални иницијативи од кои произлегуваат проекти како бенефит од членството во оваа организација. Нашата држава веќе подолго време е заинтересирана за членство во оваа организација, па по подолго одлагање, конечно на нашата држава (на општините и регионите) им е доделен статусот на член во оваа организација. Оттука е потребно претставникот на ЗЕЛС во оваа организација да биде лице кое ќе се залага за искористување на поволностите кои ги нуди членството во оваа организација, лице кое редовно и активно ќе ја следи работата на организацијата и ќе го информира Управниот одбор за својата активност.

Присутните во овој контекст укажаа дека често се соочуваат со пречки во соработката со градови и општини од земјите членки на оваа организација кои како форма на соработка упатуваат на членството во оваа организација. Оттука, дискусијата се прошири и во однос на активноста на избраните делегати на ЗЕЛС во останатите меѓународни организации како што се Советот на Европа, каде нашата делегација речиси и да нема никаква активност, како и НАЛАС, каде се забележува присуство само на седницата на Генералното Собрание на оваа организација. На

последната седница на ЗКК (Заедничкиот консултативен комитет помеѓу Комитетот на регионите на Европската Унија и нашата држава) единствен претставник беше градоначалничката на Градот Скопје, иако делегацијата брои 11 членови и 11 нивни заменици, а на состаноците на комитетот се отвораат теми значајни за политиката на Европската унија кон нашата држава.

Дел од присутните предложија, Управниот одбор да ја оцени работата на избраните делегати во сите организации и тела и онаму каде што ќе се забележи голема неактивност да преземе мерки со назначување на други претставници кои можеби ќе имаат поголема ажурност и активност.

ОДЛУКА: Управниот одбор на ЗЕЛС го избира Градоначалникот на општина Радовиш, г. Ацо Ристов, за претставник на ЗЕЛС во АРЛЕМ – Евро - Медитеранското регионално и локално собрание.

ВТОРА ТОЧКА: Предлог за кооптирање на членови во Комитетот на Совети при ЗЕЛС

Со оглед дека Управниот одбор согласно Статутот на ЗЕЛС му предлага на Генералното собрание на ЗЕЛС да одлучува по прашања од значење за тековното функционирање на органите и телата на ЗЕЛС, Управниот одбор отвори дискусија во однос на ажурноста на членовите на Комитетот на Совети при ЗЕЛС и тоа согласно образложените заклучоци на овој орган изнесени на претходната седница на Управниот одбор.

Присутните констатираа дека е забележано дека дел од членовите на Комитетот на Совети не присуствуваат на седниците на овој орган, заради што Комитетот на може да одлучува поради недостаток на потребното мнозинство. Дел од членовите не се појавиле на седниците нити еднаш.

ОДЛУКА: Управниот одбор донесе Одлука за кооптирање на членови во Комитетот на Совети при ЗЕЛС, како орган утврден со Статутот на ЗЕЛС, при што му предлага на Генералното собрание на својата прва наредна седница да донесе одлука за избор на г-ѓа Изабела Павловска Претседателката на Совет на Општина Крива Паланка и г. Бесар ДУРМИШИ, Претседател на Совет на Општина Тетово, а на истата седница Генералното собрание да ги разреши членовите г-ѓа Сашка КРСТЕВСКА ПАВЛОВСКА, Претседател на Совет на Општина Старо Нагоричане и г. Илир ЕЛЕЗИ Претседател на Совет на Општина Боговиње од функцијата членови на Комитетот на Совети при ЗЕЛС.

ТРЕТА ТОЧКА: Презентација на заклучоците на работната група за утврдување на решенија за предизвиците со противпожарните територијални едници;

Управниот одбор на ЗЕЛС со Одлука донесена на претходната седница одржана во Валандово формираше ад-хок работна група која имаше работна задача да изврши анализа на состојбите во ТППЕ, финансиските состојби поврзани со финансирањето на оваа надлежност од страна на државата, како и сите други прашања кои ги засегаат општините како надлежни во областа на противпожарната заштита. Во име на оваа ад-хок работна група, пред присутните реферираше г. Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово.

Присутните беа запознати со лошите и неиздржливи услови на функционирање на триторијалните противпожарни единици. Заклучок на оваа комисија е дека државата учествува со најмногу 4,5 милиони евра годишно во финансирањето на оваа пренесена надлежност на општините, додека општините надоместуваат износ од речиси 4 милиони евра од сопствените буџети. Комисијата забележала дека овој износ од 4 милиони евра не е сразмерно распределен по општини, односно, некои општини издвојуваат енормно високи средства од своите буџети, додека постојат и општини кои дури не ги искористуваат пренесените средства од државата во целост. Овие податоци се однесуваат на анализата направена од сите општини освен од Градот

Скопје кој до почетокот на оваа седница на Управниот одбор сè уште ги нема доставено податоците.

Како второ прашање кое било разгледано во рамки на комисијата, а беше изложено пред присутните членови на Управниот одбор, е прашањето за опремата. Станува збор за набавка на опрема која согласно Закон ја вршат државните органи (Дирекција за заштита и спасување) и кои поради непознавање на приликите во поедини општини, конфигурацијата на теренот во рамките на подрачјето на опфатот на делување, како и постојната опрема со која располагаат поединечните ТППЕ, има набавено и доставено несоодветна опрема во одредени општини. Таков е примерот со Општина Велес, каде наместо потребните возила, набавени се возила кои не се соодветни на нивните потреби. Констатиран е недостаток на опрема, како што се телескопски скали за гасење пожар на повеќекатници, возилата се дотраени и со просечна старост од 30 до 40 години, а воочен е и недостаток на основна опрема за гасење пожари.

Сè наведено во услови кога целиот систем на заштита и спасување во државата се темели на противпожарните единици кои се во надлежност на општините, а кои немаат доволно финансиски средства за нормално функционирање.

Оттука, Комисијата на Управниот одбор предложи сет мерки кои Управниот одбор ги усвои во форма на Заклучок и тоа:

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор ги усвојува предлог Заклучоците на Ад-Хок Комисијата за анализа на состојбите во областа на противпожарната заштита и му предлага на Генералното собрание, на својата прва наредна седница да отвори дискусија по истите и истите да ги потврди и тоа:

- Во најкраток можен рок, ЗЕЛС да се обрати до надлежното министерство за одбрана со барање за надминување на утврдените состојби во противпожарната заштита, а конкретно во однос на состојбите со противпожарните единици.
- Доколку нема одговор најдоцна во разумен рок, Управниот одбор на ЗЕЛС ќе ја информира јавноста за своите наоди и барања на тематска прес-конференција.
- Доколку и по извесен период нема подобрување на состојбите, противпожарните единици ќе бидат повикани на мирен протест на кој ќе ги соопштат своите потреби и барања до Владата.

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Утврдување на предлог мерки за поттикнување на ажурна наплата на членарина кон ЗЕЛС.

Состојбата со наплатата на членарината кон ЗЕЛС не е поволна. Вкупната наплата е под 50% што се одразува врз редовното и нормално тековно функционирање на ЗЕЛС. Констатирана е состојба со огромни долгови на одредени општини, кога на истите од страна на ЗЕЛС, врз основа на посебна Одлука донесена од страна на Управниот одбор, им е понудено плаќање на долгот на рати. Истото е поврзано и со Одлука за ограничување на дел од електронските услуги кои ги обезбедува ЗЕЛС за општините без надомест, а постои и посебна Одлука за утврден повисок надомест за обука за стекнување со овластување за располагање со градежно земјиште за службениците од општините кои не ја подмириле членарината. Интересен е феноменот кога определена општина склучува спогодба за плаќање на долгот на рати само за да ги добие и понатаму услугите од ЗЕЛС, ќе плати два ануитета врз основа на износот утврден со спогодбата, а потоа престанува да го плаќа и износот според склучената спогодба. Од општините кои должат, само неколку немаат сè уште склучено спогодба за плаќање на долгот на рати, иако на истите им е понудена таа можност. Генерално, трендот на наплата на членарината е со надолна линија, доколку се земе предвид 99% наплата на членарината во 2008 г. споредено со денес.

Присутните го истакнаа значењето на ЗЕЛС, обемот на услуги кои општините ги добиваат од оваа организација, дека услугите од ЗЕЛС ги добиваат бесплатно, но дека е недопуштено да не се плати основната обврска, односно членарината.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор за ова прашање ќе го информира и Генералното собрание на својата прва наредна седница и ќе му предложи да донесе мерки за зголемување на ажурноста при наплатата на членарината од општините кон оваа организација.

ТОЧКА РАЗНО:

1. Одлука за зголемување на платите на вработени во ЗЕЛС.

Управниот одбор отвори дискусија и го подржа предлогот да донесе Одлука за зголемување на платите на вработените во ЗЕЛС, со оглед на трендот на веќе зголемените плати на општинската администрација, како и поради малата и ефикасна администрација која денес во ЗЕЛС брои 16 вработени.

ОДЛУКА: Управниот одбор донесе Одлука за зголемување на платите на вработените во ЗЕЛС за 10%, заклучно со платата за месец мај, 2023 г.

2. Информација во однос на ИПАРД 3 програмата за рурален развој.

Присутните отворија дискусија дека на прагот на објавување на повикот за ИПАРД-3 програмата, и покрај тоа што се организираат информативни состаноци, ЗЕЛС треба директно да ги информира општините за можностите и за потребните капацитети за да можат подготвени да аплицираат за добивање на средства од истата. Оттука, беше побарано да се организираат итни состаноци со надлежните министри кои би присуствувале на следната седница на Управниот одбор.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор го потврдува значењето од степенот на информираност на општините за условите на користење на средства од ИПАРД-3 програмата, заради што во непосредниот период ќе организира состанок со министерот за земјоделство и министерот за европски прашања на која ќе присустуваат сите членови на Управниот одбор на ЗЕЛС.

3. Одлука за формирање на работна група за утврдување на предлог – текст на иницијатива за изменување и дополнување на прописите со цел овозможување постапка на конфискација на нелегалните градби.

Управниот одбор на претходната седница ја усвои иницијатива на Општина Центар за утврдување на постапка за конфискација на нелегалните градби и истата е доставена до надлежото Министерството за транспорт и врски. На оваа седница Управниот одбор отвори расправа за формирање на работна група која ќе го изработи текстот на иницијативата за изменување и дополнување на прописите која ќе биде доставена до овластен предлагач.

ОДЛУКА: Управниот одбор формира работна група за утврдување на текстот на иницијатива за изменување и дополнување на прописите заради утврдување на постапка за конфискација на бесправно изградени објекти. Текстот на иницијативата по нејзиното изготвување ќе биде разгледана од страна на Управниот одбор, а потоа и доставен до овластен предлагач.

**Охрид, 11 мај, 2023 г.**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Орце ЃОРЃИЕВСКИ**